Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година бр.05-003388/18-0001 од 12.01.2018 г.

2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се менуваат податоците** за набавките со број 1, 12, 21, 23 и 53 од основниот План за јавни набавки за 2018 година, и истите гласат:

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Набавка на материјали за АОП | | Август | 847.458,00 | 1.000.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 12. | Набавка на службена облека за царински службеници | | Мај | 9.550.847,00 | 11.270.000,00 | Отворена постапка | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21. | Набавка на знамиња | | Март | 295.500,00 | 348.690,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 23. | Набавка на електронски колски ваги, демонтажа и монтажа на постоечка колска вага на граничен премин Табановце | | Мај | 3.389.831,00 | 4.000.000,00 | Отворена постапка | |
| 53. | Набавка за кампања за спречување на корупција и судир на интереси | | Јули | 254.237,00 | 300.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |

3. Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се дополнува со нови набавкиа** кои гласат:

| **Бр.** | **Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба** | **Шифра според ОПЈН** | **Очекуван почеток на постапката (месец)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари)** | **Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари)** | **Вид на постапка** | **Забелешки** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** |
| 1. | Телекомуникациски услуги | | Јули | 1.694.915,00 | 2.000.000,00 | Отворена постапка | |
| 2. | Набавка на ИТ опрема | 32500000-8 | Јуни | 15.254.237,00 | 18.000.000,00 | Отворена постапка | |

4. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **набавката со реден број 39 се брише:**

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | 7 |
| 39. | Набавка на специјализирани обуки за ИКТ | | Април | 84.746,00 | 100.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |

5. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05–003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање бр.09-036824/18-0001 од 24.04.2018 година од Сектор за професионална одговорност со кое се бара промена на податокот за очекуван почеток на постапка кај постапката за набавка на кампања за спречување на корупција и судир на интереси, наведена во Планот за јавни набавки за 2018 година (број 53). Согласно барањето, очекуван почеток на постапката наместо во февруари треба да биде во месец јули.

- Барање бр.05-003388/18-0022 од 27.04.2018 година од Сектор управување со човечки ресурси со кое се бара намалување на износот на проценетата вредност на договорот и промена на податоците за очекуван почеток на постапка за планираната јавна набавка на стоки-„Набавка на службена облека за царински службеници" (број 12). Согласно барањето, проценетата вредност на набавката наместо 14.000.000,00 денари треба да изнесува 11.270.000,00 денари со вклучен ДДВ, а очекуван почеток на постапката наместо во септември треба да биде во месец мај.

- Барање бр.24-042118/18-0001 од 10.05.2018 година од Сектор за ИКТ со кое е побарано:

1. Да се изврши дополнување на Планот за јавни набавки со следниве нови јавни набавки:
   - „Телекомуникациски услуги" со проценета вредност на договорот од 2.000.000,00 денари со вклучен ДДВ за 1 година. Очекуван почеток на набавката е јули 2018 година.
   - „ИТ опрема" со проценета вредност на договорот од 18.000.000,00 денари со вклучен ДДВ за 1 година. Очекуван почеток на набавката е јуни 2018 година.
2. Да се направи и промена на вредност на постапката под број 1 од Планот за јавни набавки, односно за „Набавката на материјали за АОП" да се намали проценетата вредност на договорот од 2.000.000,00 на 1.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, и да се промени очекуваниот почеток на набавката од април во август 2018 година.
3. Да се избрише од Планот набавката под број 39 („Набавка на специјализирани обуки за ИКТ"), бидејќи оваа јавна набавка нема да се реализира.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број 05-003388/18-0024 од 21.05.2018 година, за новата набавка на телекомуникациски услуги потребните средства се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2018 година, а за новата набавка на ИТ опрема потребните средства ќе се обезбедат со дополнително барање за проширување на буџетот за 2018 година и/или со прераспределба на средства во рамки на буџетот.

- Барање бр.29-046865/18-0001 од 23.05.2018 година од Сектор за административни и технички работи - Одделение за инвестиции и одржување со кое се бара промена на податокот за предмет за договорот за јавна набавка кај постапката наведена под број 23 во Планот за јавни набавки за 2018 година. Согласно барањето, предмет за договорот за јавна набавка треба да биде „Набавка на електронски колски ваги, демонтажа и монтажа на постоечка колска вага на граничен премин Табановце", како и

врз основа на Извештајот број 05-006020/18-0011 од 26.04.2018 година од комисијата која ја спроведувала постапката за јавна набавка на знамиња, износот на најповолната понуда ги надминува обезбедените финансиски средства за таа намена за

48.690,00 денари со влучен ДДВ, заради што потребно е дообезбедување на дополнитено потребните средства. Секторот за финасиски прашања со допис бр. 05-006020/18-0013 од 30.04.2018 достави позитивен одговор за дообезбедини финансиски средства за предметната набавка.

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

Број 05-003388/18 – 0025
Скопје, 30. 05. 2018 г.

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Јово Џутески

Доставено во оригинал до:
- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Директор
- Заменик директор
- Советници на директор
- Сектор за сметководство и финансии,
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи